# „Оној кој се придржува кон Аллаховите граници и оној кој ги прекршува се како луѓе кои пловат на еден брод. Некои се на палубата, а други се во долниот дел од бродот

Нуман бин Бешир, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Оној кој се придржува кон Аллаховите граници и оној кој ги прекршува се како луѓе кои пловат на еден брод. Некои се на палубата, а други се во долниот дел од бродот. Оние кои се во долниот дел на бродот, кога почувствуваа жед, одеа кај оние на палубата и им бараа вода, но еднаш рекоа: ‚Кога би направиле отвор за нас во нашиот дел, за да не ги вознемируваме оние што се над нас.‘ Ако ги остават да го направат тоа што го наумиле, сите ќе пропаднат, но ако ги спречат, ќе се спасат сите.“
[صحيح] [رواه البخاري]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни дава пример, за оние кои се грижат за границите на Аллах, кои се придржуваат до прописите на верата, оние кои наредуваат добро и забрануваат зло. А од друга страна, примерот на оние кои ги прекршуваат Аллаховите правила, кои одбегнуваат добро, а прават лошо, и какво влијание имаат тие за спас на општеството, тие се поистоветени со луѓето кои се качиле на брод, па некои заседоа позиција во горниот дел, а другите во долниот дел од бродот. Кога ожеднеа оние од долниот дел на бродот одеа кај оние на горниот дел, и во еден момент рекоа: „Да си направиме отвор во нашиот дел, за да не ги вознемируваме оние над нас.“ Ако тие на палубата ги остават да го сторат тоа, бродот ќе потоне заедно со сите нив, но ако ги спречат и не им го дозволат тоа, сите ќе бидат спасени.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee